Ludwig Boltzmann Institut für Menschenrechte
Ludwig Boltzmann Institute of Human Rights

МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА

Предмет: Заедно за децата во ризик-Вклучи се и ти!!!

Дата: 03.12.2010

Во рамки на кампањата ‘’Секој трет македонец живее крпен живот’’ која има за цел подигање на свеста за постоење на сиромаштија и промовирање на пристапот заснован на човекови права како начин за надминување на сиромаштијата, Македонската платформа против сиромаштија (МППС) го организира донаторскиот настан – телетон, кој што ќе се одржи и емитува на 12.12.2010 (недела), на Македонската телевизија во терминот од 16.00 – 19.00 часот.

Целта на овој настан ќе биде преку индивидуално донирање од страна на граѓаните на телефонските броеви 075/143 424, 077/143 413 и 070/143 113 отворени за оваа намена, како и преку донации од фирми и институци директно на жиро сметката 300000003198223 на Комерцијална Банка да се соберат финансиски и материјални средства кои ќе бидат наменети за Дневните центри за деца на улица во Македонија.

*Македонска платформа против сиромаштија - МППС е сојуз на здруженија на граѓани во кој на доброволна основа членуваат над 30 здруженија на граѓани и индивидуални истражувачи, со цел намалување на сиромаштијата преку промоција на социјална правда, партиципативна демократија, заштита на човековите права, еднаквост, недискриминација и владеење на правото. МППС е непрофитна, непартиска и невладина организација. Процесот на основање и работа на МППС е поддржан од страна на Лудвиг Болцман Институтот за човекови права (БИМ-ФВ Скопје), и финансиран од страна на Австриската соработка за развој.*

МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

financed by
Austrian Development Cooperation